Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет македонски јазик за учениците од другите заедници за V одделение на деветгодишното основното образование за учебната 2020/21 година.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ

**кои наставата ја следат на албански и турски јазик**

**за V одделение**

**Скопје, 2020 година**

## 1.Вовед

Скратената наставна програма по наставниот предмет Македонски јазик за учениците од другите заедници се базира на целите /очекуванте резултати предвидени со наставната програма за наставниот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратената програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, односно (за наставен предмет со 1 час неделно се предвидуваат 32 часа скратена програма, за наставен предмет со 2 часа неделно се предвидуваат 64 часа во скратената програма, за наставен предмет со 3 часа неделно се предвидуваат 96 часа во скратената програма.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите /очекуваните резултати определени поими методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

## 2. Преглед на теми и наставни единици

| **Реден број** | **Подрачје: Читање, пишување, слушање и зборување**<br>**Наставни единици:** | **Број на предложени часови за реализација** |
|---|---|---|
| 1 | Моето семејство. | 1 |
| 2 | Членови на потесното и поширокото семејство. | 1 |
| 3 | Моето училиште. | 1 |
| 4 | Училишни празници . | 1 |
| 5 | Искажување на молба, заповед и разбирање. | 1 |
| 6 | Град, село. | 1 |
| 7 | Делови од телото. | 1 |
| 8 | Храна и видови обраоци. | 1 |
| 9 | Зеленчук . | 1 |
| 10 | Годишни времиња. | 1 |
| 11 | Месеци во годината. | 1 |
| 12 | Часот како мерна единица. | 1 |
| 13 | Азбука – печатни букви (големи и мали) | 10 |

| | | |
|---|---|---|
| 14 | *Азбука ----Раописни букви големи и мали.* | 20 |
| 15 | Читање и пишување со изучените ракописни букви. | 10 |
| 16 | Училишни активности | 1 |
| 17 | Овошје. | 1 |
| 18 | Интонациско читање на реченици. | 1 |
| 19 | Диктат – или куси реченици на изучените ракописни букви. | 3 |
| 20 | Текстови за читање во себе и гласно читање. | 1 |
| 21 | Текстови во кои се употребени различни граматички категории. | 1 |
| 22 | Поставување прашања и давање одговор. | 1 |
| 23 | Препишување на зборови или краток текст. | 1 |
| 24 | Пишување на броеви со ракопсни букви од 1 до 20 и десетките до 100 со зборови. | 1 |
| 25 | Модална карактеристика на реченицата.(Пишување реченици со соодветни интерпункциски знаци). | 1 |
| | **Вкипен број на часови за реализација на ова подрачје** | 64 |

**3. Дидактички препораки**

**Слушање**

Ученикот преку користење на слики, слики од сликовници, апликации се поттикнува на слушање и кажување на активностите на членовите во семејството. Се увежбуваат реченични модели со користење на општи и сопствени именки (татко, мајка, брат, сестра, баба, дедо,Тетово, Сарај, Охрид); лични, прашални и показни заменки (Кој е овој? Тој е дедо. Кои се овие? Овие се моите сестри. Каде работи татко ти? Татко ми работи во банка.; придавки: Каков е твојот брат? Мојот брат е добар/голем.) Се прават вежби: слушање и водење разговор за активностите околу подготовката за патрониот празник на училиштето.
Модели: Сега ја вежбавме драматизацијата. Утре ќе ги рецитираме песничките. Вчера го уредувавме холот. Вежби за искажување молба, заповед и разбирање.
Ве молам научете ја песничката. Слушајте внимателно! Обидете се да пронајдете детска песна. Слушање на кратки текстови кои ги содржат следните зборови: улици, булевари, плоштади, центар, населби, паркови (дрвја и цвеќиња), семејна или станбена зграда, пошта, железничка станица, автобуска станица.
Околина на селото, улици, центар, продавници. Модели: Јас живеам на улица „155“ бр. 4. Јас сум од село Теарце. Булеварот се вика „Мајка Тереза“.

Поштата се наоѓа до плоштадот. Од село до град патувам со автобус. Вежби за усвојување на лексички единици за делови од телото. Симулирање ситуации во кои преку дијалог се кажуваат искази за делови од телото. Модели: Ова е глава. На главата има очи, уста, нос, уши. Прстите се на рацете и нозете.
Мислам со глава, а пишувам со рака. Мелиса има убави очи. Разговор за омилениот оброк на учениците и неговата содржина.
Вежби од типот на користење флеш карти и групирање на елементите според трите главни оброци. Презентирање на овошје и зеленчук со користење на реалија;цртање на омилено овошје/зеленчук;поврзување на боите со овошје/зеленчук;вежби од типот симулација (учениците се ставаат во улога на купувачи овошје/зеленчук и продавач) Разговор за различните видови зеленчук (кромид, лук, пиперка, домат, крставица, зелка, спанаќ)
Правење на вежби за давање и барање информации за време. Се симулираат ситуации за активности кои се извршуваат во текот на денот или ноќта.
Слушање и разговор за појави карактеристични за одредено годишно време, раскажување на приказни за актуелното годишно време, игри, веснички, симулација по дадена ситуација. Ученикот да одговара на прашања и наредби на македонски јазик ,да го поврзува виденото со слушнатото, да го поврзе значењето на содржината што ја слуша со лица ,предмети и активности што ги гледа.
**Методи**: аудио-визуелен метод, аудио-лингвален метод, интерактивен метод/ метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност.

**Зборување**

Се прават вежби за прашања и одговори во врска со семејните активности, вежби за давање информации за членовите на семејството. Модели: Мама прави убав ручек. Тато чита весник. Тато работи во банка. Дедо е пензионер. Мојот брат е студент. Учениците прават вежби: разговор во врска со наставните и воннаставните активности на учениците. Кажување на краток настан од училиштето според даден план или одговори на прашања. Рецитирање кратки детски песни.
Учениците на часот прават вежби за водење разговор за спецификите на градот и селото, за опишување на разни видови оброци, за опишување на видови зеленчук и овошје.
Вежби: драматизација (купувач - продавач).
**Методи:** интерактивен метод/ метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност.

**Читање и пишување**
Учење со вежби на големите и малите ракописни букви; гласно читање и кажување на ракописните букви. Да чита со правилна реченична интонација, соодветна на инерпункцискиот знак на крајот од реченицата. Се користи аудио и видео запис (од серијалот Бушава азбука); - читање на глас на едноставни реченици и кратки текстови со позната и претходно обработена лексика

Се води разговор во врска со прочитан текст и се прават трансформации во врска со глаголските времиња, модалната структура на реченицата, потврдни-одречни реченици, прашања-одговори итн. Вежби за откривање на општи и сопствени именки, придавки, заменки, броеви и др. (не метајазик)
Наставникот прави вежби за проверка на разбраноста на прочитаната содржина, како дел од читањето со разбирање – *да/не*-прашања, вежби со поврзување, вежби со повеќечлен избор, дополнување реченица, вежби во поставување прашања и давање одговори според одредена тематска-комуникациска целина вежби во препишување на зборови или краток текст со позната лексика, вежби во пишување на броевите од 1 до 20 и десетките до 100 со зборови.
(Вежби во реченици со глаголски форми за сегашно време, минато определено несвршено време, идно време и заповеден начин од несвршени глаголи од трите глаголски групи; реченици со различна модална карактеристика.)
**Методи:** интерактивен метод/ метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текст-метод; метод на компара

**4. Норматив за наставен кадар**

Скратената наставна програма ја реализира наставник согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната наставна програма.

Скратената наставна програма по наставниот предмет македониски јазик за учениците од другите заедници за V одделение ја утврди

Арх. Бр. 12-8424/199
16.09.2020

Министер за образование и наука
Мила Царовска